02. 04. 2012 год.
СКОПЈЕ

03/1346-4

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 8. седница одржана на 29.03.2012 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на Елаборатот за воведување на студиска програма за втор циклус универзитетски студии по Менаџмент со недвижности на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Матодиј" во Скопје**

1. Се акредитира Елаборатот за студиската програма по **Менаџмент со недвижности на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Матодиј" во Скопје,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за втор циклус универзитетски студии по Менаџмент со недвижности, во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените универзитетски студии, студентот се стекнува 120 ЕКТС и со звање: **Магистер од областа менаџмент со недвижности,** научно-истражувачко подрачје: 5. Техничко-технолошки науки, научно истражувачко поле: Геодезија, Научно истражувачка област : Катастар

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " во Скопје, по претходно донесента одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за воведување студиска програма по Менаџмент со недвижности и одлуката за усвојување на студиските програми, достави елаборат до Одборот за акредитација бр. 12-137/1 од 09.03.2012 година.

Одборот за акредитација на межуседница 7/8 формира експертска комисија и на 8. седница одржана на 29.03.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**